СО НК
САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE REPUBLIC OF MACEDONIA
Бул. Кочо Рацин 72г, 1000 - СКОПЈЕ, ТЕЛ. 02 3165-129, ФАКС 3224-638

Бр. 0801-116/2
26-10-2018 г.

Врз основа на член 54 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија-СОНК, Советот на СОНК на својата 14 – седница одржана на ден 26 -10 -2018 година, едногласно ги донесе следните :

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Да се продолжат преговорите помеѓу СОНК, МТСП, МОН и Министерството за култура и во духот на социјалниот дијалог и партнерство да се изнајдат соодветни решенија на отворените прашања за вработените во овие дејности.
2. Социјалниот статус на вработените во детската заштита, основното, средното и високото образование, науката и културата е далеку под просекот на платите во Република Македонија и е под достоинството на професијата и во подобрување на истиот, зголемување на платите во сите дејности.
3. Зголемување на платите во сите дејности што ги застапува СОНК за 25% со примена од 01-01-2019година.
4. СОНК , како репрезентативен синдикат во дејноста детска заштита, со свои преставници да биде вклучен во изготвувањето на измените и дополнувањата на Законот за заштита на деца.
5. Учество со преставници на СОНК во работните групи за изготвување на Законот за основно образование и Законот за средно образование.

6. Под итно формирање на работна група со преставници од страна на МОН и СОНК, за изготвување на Колективен договор за високото образование и науката.
7. Со Министерството за култура да се потпише Колективниот договор за култура, кој веќе е поминат на јавна расправа и се изнајде решение за имплементација на истиот во делот на коефициентите, најдоцна од 01- 01 - 2019 година.
8. Советот на СОНК сака да верува дека ресорните министри ќе излезат во пресрет на нашите барања и по пат на социјален дијалог ќе се дојде до взаемни прифатливи решенија. Во спротивно СОНК ќе ги превземе расположливи легитимни синдикални средства за подобрување на социјалниот статус на вработените во образованието, науката и културата.
9. Се задолжува раководството на СОНК донесените Заклучоци од страна на Советот на СОНК, веднаш по одржување на седницата да ги достави до ресорните министри и да побара итни средби за надминување на отворените прашања споменати во донесените Заклучоци.

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија 1 СКОПЈЕ

Претседател
Јаким Неделков